ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

# РЕТРОСПЕКТИВА

## МАКФЕСТ 1986

Макфест

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

**ИМПРЕСУМ**

Автор: **Златко Ангелески**

Лектор: **Зорица Сотировска**

Дизајн и DTP: **Горан Атанасовски**

Извршен уредник: **Васил Буралиев**

Издавач: **ВБУ Музички регистар**

contact@muzichkiregistar.com

www.muzichkiregistar.com

октомври 2019

**ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ:**

* Неделен весник „Екран“
* Дневен весник „Нова Македонија“
* Неделен весник „ТВ Ревија“
* Википедија (www.wikipedia.org)

# СОДРЖИНА

• ЗА ФЕСТИВАЛОТ
1. ЕФТО ПУПИНОСКИ
2. СТОЈАНЧО АНДОНОВ - ТОНКА
3. ПЕПЕЛ ИН КРИ (PEPEL IN KRI)
4. ТАЊА КОЧОВСКА
5. ЉУБОМИР БУЦО ПЕНДЕ (LJUBOMIR BUCO PENDE)
6. СНЕЖАНА НАУМОВСКА
7. БОН ТОН
8. ЗАФИР ХАЏИМАНОВ
9. ХЕЛЕНА БЛАГНЕ (HELENA BLAGNE)
10. ЗЛАТКО ДАВЧЕВСКИ
11. ПЕТАР НЕЧОВСКИ
12. СИМОНА ВАЈС (SIMONA WEISS)
13. ЈАСМИНА ВОИНОВИЌ (JASMINA VOJINOVIĆ)
14. КАЛИОПИ
15. ИВО ПАТИЕРА
16. АЛГОРИТАМ
17. АНА САСО (ANA SASSO)
18. ИНТЕРВАЛИ
19. МАРГА ВЕСКОВСКА – КАЛОУ
20. ЉУПЧО СТОЈАНОВСКИ – ЉУБЕЦ
21. ТАВЧЕ ГРАВЧЕ
22. БОЖИДАР ВОЛФАНД (BOŽIDAR WOLFAND)
23. ЖАРКО МАМУЛА (ŽARKO MAMULA)
24. ВЕСНА ИВИЌ (VESNA IVIĆ)
25. ХЛАДНА БРАЌА (HLADNA BRAĆA)
26. ОЛИВЕРА СТАНКОВСКА
27. МИКИ ЈЕВРЕМОВИЌ (MIKI JEVREMOVIĆ)
28. ТРАЈЧЕ МАНЕВ
29. ГРУПА УЗУН (ЈАНКО УЗУНОВ И СМИЛЈА АНДОНОВСКА)







Фестивалот на македонска забавна музика МАКФЕСТ е иницирaн како обновување на некогашните скопски фестивали, а со цел Македонија да има макар нешто во сферата на забавната музика. Во годините кога немало ниту дископродукција ниту перманентна концертна активност, идејата за формирање и организирање на МАКФЕСТ се покажала како единствен и вистински настан на годината.

Првиот МАКФЕСТ се одржува од 23 до 25 октомври 1986 година во Штип, во Домот на културата. Првично требало да бидат изведени 32 композиции во две полуфинални вечери, а најдобрите да се пласираат на финалната вечер. Сепак, на првиот МАКФЕСТ се изведени 29 композиции во две полуфинални вечери.

Жирито за избор на песните го сочинуваат: Киро Милев (претседател), Слободан Марковиќ, Стојан Троицки, Михаил Ренџов и Ѓорѓи Устапетров. На конкурсот за избор на учесниците се пријавени 120 песни. Во соопштението на жирито се наведува дека „намерно била спроведена остра селекција со цел на првиот фестивал МАКФЕСТ - АСТИБО да се обезбеди висококвалитетна програма“.

**ВО ФИНАЛЕТО НАСТАПУВААТ 18 ИНТЕРПРЕТАТОРИ.**
**ОВА СЕ ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ НА ПРВИОТ МАКФЕСТ 1986:**

**НАГРАДИ НА ПУБЛИКАТА:**

Прва награда: Хелена Благне (Helena Blagne) – „Кога те нема“

Втора награда: Иво Патиера (Ivo Pattiera) – „Бисеро моме Бисеро“

Трета награда: Мики Јевремовиќ (Miki Jevremović) – „Бакни ме, залуди ме“

**НАГРАДИ НА СТРУЧНОТО ЖИРИ:**

Прва награда: Хелена Благне (Helena Blagne) – „Кога те нема“

Втора награда: Хладна браќа (Hladna braća) – „Нена“

Трета награда: Весна Ивиќ (Vesna Ivić) – „Ѕвезден пат“

Плакета на СОКОЈ: Кире Костов (Хелена Благне – „Кога те нема“)

Награда за најдобра интерпретација: Весна Ивиќ (Vesna Ivić)

Награда за најдобра естрадна изведба: Бон тон

Најуспешен дебитант: Тања Кочовска

Награда за најдобар текст: Зафир Хаџиманов (Пуста била)

Награда за најдобар аранжман: Драган Ѓаконовски – Шпато (Незаборав)

Покровители на првиот МАКФЕСТ се: „Астибо“, „Македонка“, „Чатал“, „Нова трговија“, „ЗИК Црвена ѕвезда“. Соорганизатори на фестивалот се: „Европа“, „Фротирка“, „Бетон“, „Алумина“, „Слога Трстеник“ и „Баргала“, а спонзори се: „Агропроизвод Луковица“ и „Политекс Штип“.

Од првиот МАКФЕСТ е издадена двојна ЛП-плоча со 26 композиции (Jugoton - LSY-65079; Jugoton - LSY-65080; Jugoton - LSY-65079/80; PTC - LSY-65079; PTC - LSY-65080; PTC - LSY-65079/80).

# ИНТЕРПРЕТАТОРИ - МАКФЕСТ 1986



М
А
К
Ф
Е
С
Т
86

# 1



МУЗИКА:
**ЕФТО ПУПИНОСКИ**

ТЕКСТ:
**ЕФТО ПУПИНОСКИ**

АРАНЖМАН:
**МИОДРАГ БОЖИНОВСКИ**

ИЗВЕДУВАЧ
## ЕФТО ПУПИНОСКИ

ПЕСНА
## УДРЕТЕ ТАПАНИ

**ЕФТО ПУПИНОСКИ** е роден на 2 јуни 1953 година. Во 1985 година настапува на „ТВ Спот Фест“ со две песни: „Враќање“ и „Биди добра“. Со „Лихнида кајче веслаше“ дебитантски настапува на „Фолк фест Валандово“ во 1986 година и го освојува Првото место од жири-комисијата. Оваа песна е само вовед во неговата кариера и, воедно, песна што го прави едно од најпрепознатливите лица во новокомпониранaта македонска народна музика. Подоцна песнава е препеана од Мики Јевремовиќ (Miki Jevremović) на српски јазик и од Панајот Панајотов на бугарски јазик (Охридското езеро).

Неговата огромна желба за пеење, уште од дете, се остварува во професионална кариера и покрај неколкуте неуспешни обиди и одбивање аудиции за соло пеење. Особено актуелен станува во последните години со своите стари хитови, пред сè со „Туѓа си бескрајно“.

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

МАКФЕСТ 86

# 2

**СТОЈАНЧО АНДОНОВ – ТОНКА** е роден во 1960 година. На млади години е одговорен за музиката во скопскиот ноќен клуб „Таверна“. Завршува Средно музичко училиште, а музичката наобразба ја надоградува на Педагошкиот факултет. Најпрвин е инструменталист, сѐ до една случајна средба со некојси Кубанец во Шведска, кој го советува да почне да пее.

Аматерски почнува да членува во повеќе анонимни групи. Свири на клавијатури во „Кора“, „Биоритам“, „Ех“, а од 1982 членува во скопскиот бенд „Карамела“. Кус период настапува и со познатиот бенд „Конкорд“. Во 1987 година има чест да настапува на манифестацијата Штафета на младоста во Скопје, и тоа во дует со Цина Папас – Цокси.

Освен настапот на МАКФЕСТ 1986 Тонка настапува и на „Ваш шлагер сезоне“ (Vaš Šlager Sezone) во 1987 година во Сараево (како Тонка и Карамела) со композицијата „Во твои раце сум“ (U tvojim sam rukama).



МУЗИКА:
**ГРИГОР КОПРОВ**

ТЕКСТ:
**РОМЕО ГРИЛ**

АРАНЖМАН:
**НИКОЛА ДИМУШЕВСКИ – КОКАН**

ИЗВЕДУВАЧ
**СТОЈАНЧО АНДОНОВ - ТОНКА**

ПЕСНА
**ОБОЈ МЕ ВО ИЛЈАДА БОИ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

МАКФЕСТ 86

# 3



МУЗИКА:
**АЛЕКСАНДАР ЏАМБАЗОВ**

ТЕКСТ:
**ИГОР ЏАМБАЗОВ**

АРАНЖМАН:
**СТИПИЦА КАЛОЃЕРА (STIPICA KALOGJERA)**

ИЗВЕДУВАЧ
## ПЕПЕЛ ИН КРИ (PEPEL IN KRI)

ПЕСНА
## ПЕЈ ЗА МЛАДОСТА, ПИЈ ЗА ЉУБОВТА

**„ПЕПЕЛ ИН КРИ" (PEPEL IN KRI)** е словенечки вокално-инструментален поп-состав, кој на забавната сцена во СФРЈ дејствува во текот на седумдесеттите и осумдесеттите години на минатиот век.

Учествува на сите еминентни фестивали на забавна музика „Сплитски фестивал" (Splitski festival), „Фестивал Опатија" (Festival Opatija), „Ваш шлагер сезоне" (Vaš šlager sezone), „Словенска попевка" (Slovenska popevka), „Београдско пролеќе" (Beogradsko proleće), „МЕСАМ" (MESAM), а победата на „Фестивал Опатија" во 1975 година, на тогашниот југословенски избор за Песна на Евровизија им осигурува учество на Евровизија во 1975 со песната „Ден на љубота" (Dan ljubezni) . Во текот на осумдесеттите години се најценети придружни вокали на забавна музика во поранешна Југославија.

Изворната екипа на составот ја сочинуваат: Тадеј Хрушовар (Tadej Hrušovar), Дитка Хаберл (Ditka Haberl), Иво Мојзер (Ivo Mojzer), Ото Пестнер (Oto Pestner), Душан Велкаверх (Dušan Velkaverh) и Нада Жгур (Nada Žgur). Подоцна Пестнер (Pestner) е заменет со Едвин Флисер (Edvin Fliser).

МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

МАКФЕСТ 86

# 4

**ТАЊА КОЧОВСКА** е родена на 21 јануари 1967 година во Скопје. Дипломира во 1989 година на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ на Факултетот за драмски уметности, на отсекот за актерска игра во класата на проф. Љубиша Георгиевски.

Ќерка е на поранешните членови на групата „Мањифико“ Панче и Невена Кочовски. Нејзина сестра е пејачката Лидија Кочовска.

По дебитантскиот настап на МАКФЕСТ 1986 година Тања истата година настапува и на ТВ Спот Фест со песната „Анфан терибл“ (Anfan teribl). На МАКФЕСТ последен пат настапува во 1999 година со песната „Вистина и лага“. Сите настапи на кои учествува ѝ се забележителни и освојуваат награди.

Освен на МАКФЕСТ, Тања забележува одлични настапи на фестивалот Интерфест во Битола, и тука освојувајќи награди. Во 1994 година учествува и на „Скопје Фест“. Во овие години прави успешена кавер верзија на композицијата „Сиви снегови“ на италијански јазик (Una lacrima eterna).



ИЗВЕДУВАЧ
**ТАЊА КОЧОВСКА**

ПЕСНА
**НОЛИ**

МУЗИКА:
**СЛАВЕ ДИМИТРОВ**

ТЕКСТ:
**ВЕСНА ДОДЕВА**

АРАНЖМАН:
**СЛАВЕ ДИМИТРОВ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

М
А
К
Ф
Е
С
Т
86

# 5



МУЗИКА:
**ЉУБОМИР БРАНЃОЛИЦА**

ТЕКСТ:
**ЃОКО ГЕОРГИЕВ**

АРАНЖМАН:
**ЉУБОМИР БРАНЃОЛИЦА**

ИЗВЕДУВАЧ
**ЉУБОМИР БУЦО ПЕНДЕ (LJUBOMIR BUCO PENDE)**

ПЕСНА
**ПОСЛЕ ТОЛКУ СНИ**

**ЉУБОМИР БУЦО ПЕНДЕ (LJUBOMIR BUCO PENDE)** е хрватски пејач, музичар и сликар родум од Дубровник. Освен по својата солистичка кариера е познат и по акустичниот дует „Буцо и Срѓан“ – „Ѓивоје“ („Buco i Srđan“ - „Gjivoje“). Ова дуо реализира повеќе ЕП изданија и три ЛП изданија во периодот од 1973 до 1981 година. Буцо и Франо Матушиќ го имаат реализирано дуо албумот „Буцо и Франо“ - „Сањалица“ (Sanjalica). Албумот „Сонувачот“ (The Dreamer) претставува негов соло проект и е реализиран за дискографската куќа „Мјузик Воркшоп“ (Music Workshop) во 1995 година.

**СНЕЖАНА НАУМОВСКА** е родена во Битола, но целата професионална кариера ја гради во Хрватска во времето на СФРЈ. Пред дебитирањето на југословенската фестивалска сцена на „Загреб Фест“ (Zagreb Fest) во 1983 година учествува и е наградувана на меѓународните музички фестивали во Дрезден (Источна Германија) и Златен Орфеј (Бугарија). Била членка на групите „Море“ (More) и „Грешници“ (Grešnici). Нејзиниот пробив на музичката сцена почнува на фестивалот во Сплит, во 1984 година, со композициите „По ѓаволите сè“ (K vragu sve) и „Само ти“, пеејќи во дует со Ѓорѓи Перузовиќ (Đorđi Peruzović). „Само ти“ ја добива наградата на жирито, а Снежана добива награда за најдобар дебитант.

Во 1984 година на „Загреб Фест“ ја освојува Втората награда од публиката со песната „Мајчина рака“ („Majčina ruka“) напишана од познатиот композитор Ѓело Јусиќ (Đelo Jusić), со кого работи на деби албумот „Што знаеме за љубовта“ (Što znamo mi o ljubavi) објавен на крајот на 1984 година. Така ја завршува успешната година со композицијата „Не, не си крив“ (Ne, nisi kriv), и тоа на „МЕСАМ“ во Белград, напишана од Даниел Поповиќ (Daniel Popović).

Снежана ја продолжува соработката со Ѓело Јусиќ (Đelo Jusić) и на „Сплитскиот фестивал“ во 1985 година, каде што е наградена од ФИДОФ (FIDOF - International Federation of Festival Organizations) за песната „Синоќа сакав“, по што следува нејзината контроверзна победа на „Загреб Фест“ во 1985 година со „Разбуди се“ (Probudi se) од Ѓело Јусиќ, што предизвикува вистински бес кај нејзините колеги. Најгласна, како и секогаш, е Тереза Кесовија (Tereza Kesovija), која во тоа време не е во добри односи со својот поранешен композитор Ѓело Јусиќ. Многумина сметаат дека треба да победи „Магазин“ (Magazin), со композицијата „Пиши ми“ (Piši mi), втора награда, и организаторите планираат да им ја одземат наградата на Снежана и Ѓело Јусиќ, но тоа никогаш не се случило. Овој скандал ги лансира „Магазин“ во статус на ѕвезди и ја уништува кариерата на еден талентиран пејач – Снежана Наумовска. Набргу потоа таа го раскинува договорот со продукцијата „Концертна дирекција Загреб“ („Koncertna direkcija Zagreb“) и со Ѓело Јусиќ.

Во 1986 година Снежана се натпреварува на југословенската предизборна селекција за натпреварот за Песна на Евровизија во Приштина, како замена за Јасна Злокиќ (Jasna Zlokić), која пред натпреварот се откажува од учеството. Снежана ја пее композицијата „Остани тука“ (Ostani tu) завршувајќи како осмопласирана. Последен фестивалски настап ѝ е токму овој – МАКФЕСТ 1986 година во Штип.

# 6

МАКФЕСТ 86



ИЗВЕДУВАЧ
**СНЕЖАНА НАУМОВСКА**

ПЕСНА
**ГОДИНИ ПО РЕД**

МУЗИКА:
**ВАНЧО ДИМИТРОВ**

ТЕКСТ:
**ЃОКО ГЕОРГИЕВ**

АРАНЖМАН:
**СЛАВЕ ДИМИТРОВ**

# МАКФЕСТ 86

# 7

ВОКАЛ:
**ДАРИО ПАНКОВСКИ**

МУЗИКА:
**КИРИЛ ЛАЗАРОВ**

ТЕКСТ:
**АЦО ШОПОВ**

АРАНЖМАН:
**ЉУПЧО МИРКОВСКИ**



ИЗВЕДУВАЧ
**БОН ТОН**

ПЕСНА
**СТАРО КУПУВАМ**

**„БОН ТОН“** е формиран кон крајот на 1979 година од другарите Томче Тасевски, Златан Симоновски, Дарио Панковски и Виктор Христовски. Во 1980 година ја снимаат својата прва песна „Плочи“. Првпат настапуваат во 1981 година во дискотеката „Турист“, заедно со бендот „Тост сендвич“.

Во 1981 година имаат чест да настапуваат на тридневниот отворен фестивал на белградскиот хиподром, како една од предгрупите на „Бијело Дугме“ (Bijelo Dugme), а заедно со „Ајрон Мејден“ (Iron Maiden).

Во 1983 за РТС го снимаат хитот „Добрите девојки“, за чија песна спотот го снима Тихомир Бачовски. Во 1983 и 1984 година учествуваат на „Рок-Фест“.

МАКФЕСТовската „Старо купувам“ од 1986 година е прва песна што не е напишана од тандемот Дарио-Томче, а карактеристично е што на оваа песна првпат во улога на тапанар се вклучува Владо Јаневски.

Во 1987 година учествуваат на големиот Рок спектакл на белградска Маракана, заедно со „Зијан“, како претставници од тогашна Социјалистичка Федеративна Македонија. Нивниот последен заеднички настап е на МАКФЕСТ 1987 со песната „Таа мала Маја“. По распаѓањето на „Бон тон“, Дарио го промовира својот нов бенд „Миг 21“.

**МУЗИЧКИ РЕГИСТАР** ЗА „БОН ТОН“

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

МАКФЕСТ 86

# 8

**ЗАФИР ХАЏИМАНОВ** (25 декември 1943, Кавадарци) е македонски пејач, композитор и поет.

По таткова линија, Зафир Хаџиманов потекнува од Кавадарци, додека по мајчина линија е скопјанец. Татко му Васил Хаџиманов е првиот во семејството што почнал да се занимава со музика уште од средношколските денови во Велес. Подоцна се запишува на Фармацевтскиот факултет во Белград, но го напушта и се запишува на Вишата педагошка школа во Скопје, отсек музика, по што својот животен век го посветува на фолклористиката. Зад себе Васил Хаџиманов остава над 5.000 записи од македонски изворни песни.

Зафир Хаџиманов дипломира на Факултетот за драмски уметности во Белград во 1967 година. Речиси сиот животен век го поминува во Белград, во брак со една од најпознатите југословенски пејачки Сенка Велетанлиќ – Хаџиманов (Senka Veletanlić), со која го имаат синот Васил Хаџиманов, познат џез-музичар.

Зафир Хаџиманов е автор е на стихозбирките „Шансони на хартија“, „Азил“, „Народен пејач“, „Пес-Пејачка и Брат“, објавени на македонски и на српски јазик. Исто така игра главна улога во неколку филмови како, на пример, „Македонска крвава свадба“.

Зафир Хаџиманов е носител на повеќе награди и признанија на фестивали за поезија и музика, меѓу кои на „Струшките вечери на поезијата“ во 1975 година и на Интернационалниот фестивал на шансони во Загреб во 2003 година.

Од многубројните песни што ги испеал, најпознати се: „Како Вардар“, „Љуби ме и главата горе“, „Од љубов не се бега“ итн. По повод 55-годишнината од неговото музичко творештво, на 28 ноември 2014 година е промовиран компилацискиот албум со 19 песни, којшто во тираж од 10.000 примероци на 3 декември е дистрибуиран како подарок, во состав на списанието „Теа модерна“. Проектот е поддржан од Министерството за култура на Македонија, а издавач на албумот е продукциската куќа „Пасфорд“ (Password).

Во 2007 година Зафир Хаџиманов е промовиран во почесен амбасадор на културата на Македонија во Србија.



ИЗВЕДУВАЧ
**ЗАФИР ХАЏИМАНОВ**

ПЕСНА
**ПУСТА БИЛА**

МУЗИКА:
**ЗАФИР ХАЏИМАНОВ**

ТЕКСТ:
**ЗАФИР ХАЏИМАНОВ**

АРАНЖМАН:
**СЛАВЕ ДИМИТРОВ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

МАКФЕСТ 86

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

# 9




МУЗИКА:
**КИРЕ КОСТОВ**

ТЕКСТ:
**ВАСИЛ ПУЈОВСКИ**

АРАНЖМАН:
**КИРЕ КОСТОВ**

ИЗВЕДУВАЧ
## ХЕЛЕНА БЛАГНЕ (HELENA BLAGNE)

ПЕСНА
## КОГА ТЕ НЕМА

**ХЕЛЕНА БЛАГНЕ (HELENA BLAGNE)** прв пат јавно настапува на 12-годишна возраст на аматерскиот натпревар „Први глас Горењске“ (Prvi glas Gorenjske) во Јесенице. За одлуката да стане професионален пејач придонесува и успехот на нејзината песна „Санта Лучија“ (Santa Lucia), која ја пее на тој натпревар. Во професионалната кариера влегува во 1986 година, кога ја добива Првата награда од публиката и Првата награда од стручното жири на фестивалот МАКФЕСТ, токму со песната „Кога те нема“. Една година подоцна, на „Сплитскиот фестивал“ ја добива Првата награда на публиката. Таа станува редовен гостин и победник на најголемите фестивали во поранешна Југославија.

По независноста на Словенија, Хелена е свртена кон европската публика. Во 1993 година, со песната „Земи ме вечерва“ (Vzemi me nocoj), гостува на ЕМИ (EMI) и се рангира на 5. место. На ММС (MMS) во 1993 година се пласира на второто место со песната „Биди среќен, бамбино“ (Bodi srečen, bambino). Албумот „Недопрена“ (Nedotaknjena) се продава во 30.000 копии во 1995 година. Оваа плоча е двапати прогласена за платинеста. Во 1999 година ја освојува Првата награда на публиката, Првата награда на професионалното жири, како и наградата за најдобра изведба и најпрестижната награда за гран-при на Еврофест (Eurofest) со песната „Сама сум“ (Io sono sola).

ВБУ
АУДИО-ВИДЕО

**МУЗИЧКИ РЕГИСТАР** ЗА ХЕЛЕНА БЛАГНЕ (HELENA BLAGNE)

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

10

МАКФЕСТ 86

**ЗЛАТКО ДАВЧЕВСКИ** најпрво членува во малку познатата група „Нова верзија“. Како член на групата ги прави своите први композиторски обиди. Ужива во музиката на Елвис Присли, а дебитантската трема ја разбива со појавување во емисиите на ТВ Скопје: „Млади надежи“ и „Добро утро, добар ден“.

Песната „Незаборав“ е негово деби на македонските фестивали, и тоа на најпрестижниот – МАКФЕСТ. Од Здружението на композиторите на Македонија, оваа песна е наградена за најдобар аранжман на овој фестивал.

Златко Давчевски учествува и на „ТВ Спот Фест“ во 1986 година со песната „Забавата почна“.



ИЗВЕДУВАЧ
**ЗЛАТКО ДАВЧЕВСКИ**

ПЕСНА
**НЕЗАБОРАВ**

МУЗИКА:
**ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ – ШПАТО**

ТЕКСТ:
**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ**

АРАНЖМАН:
**ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ – ШПАТО**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

М
А
К
Ф
Е
С
Т
86

# 11



МУЗИКА:
**ТОДОР БОЈАЏИЕВ**

ТЕКСТ:
**ВЛАДИМИР ШОПОВ**

АРАНЖМАН:
**ЛАЗАР МИТРЕВСКИ**

ИЗВЕДУВАЧ
**ПЕТАР НЕЧОВСКИ**

ПЕСНА
**ТАГА ЗА ЈУГ**

**ПЕТАР НЕЧОВСКИ** (Ресен, 10 јули 1957) е познат македонски интерпретатор на македонски изворни и новосоздадени песни.

Нечовски е роден во Ресен на 10 јули 1957 година. Основно и средно образование и Музичко училиште завршува во Охрид, прв степен на Правниот факултет во Скопје и Угостителско – туристички факултет (група гастрономија) во Охрид. Десетина години работи како организатор во угостителско – туристичките организации во Охрид, а потоа е професионален естраден уметник. Реализира дваесетина турнеи во Австралија, САД и во Канада.

Настапува на многу фестивали во Македонија, каде што освојува главна награда, како и на повеќе меѓународни фестивали во Камбера, Торонто, Амстердам и други. Поголем број аудиопроекти (магнетофонски ленти и ЦД) реализира за Музичката продукција на „МРТ", „Југодиск" од Белград, за „Сенатор-рекордс", „Везилка", „Мистер компани" и др.

Пред да настапува на МАКФЕСТ 1986, Нечовски е претставник на РТ Скопје на изборот на песна на фестивалот Југовизија во 1981 година, каде што настапува заедно со Маргица Антевска и Марина Пухариќ. Во 1986 година настапува и на ТВ Спот Фест.

Нечовски е еден од најредовните учесници на македонските фестивали на фолк музика.



ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

ВБУ МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

# 12

МАКФЕСТ 86

**СИМОНА ВАЈС (SIMONA WEISS)** е родена во 1963 година во Марибор, Словенија. Во 1984 година се пријавува во изборот на Мис на Словенија во рамките на Мис на Југославија и го освојува Второто место . Поради нејзината љубов кон Горан Шарац (Goran Šarac), член на групата „Рандеву" (Rendez-Vous), таа се сели во Љубљана и таму ја започнува својата музичка кариера во 1985 година. На фестивал дебитира во Опатија, каде што забележува импресивен настап. Следуваат покани од други југословенски фестивали. Во 1989 година ја добива наградата на „МЕСАМ" за интерпретација, а во 1990 година ја добива Втората награда на фестивалот МАКФЕСТ. Истата година издава и ЛП плоча на хрватски јазик.

Во втората половина на 90-тите години е првата словенечка изведувачка што настапува во големите спортски сали. На турнејата во 1997 година ги исполнува сите 20 словенечки спортски сали, меѓу кои љубљанска Тиволи, каде што настапува петпати. Во 1998 година настапува заедно со италијанскиот пејач „Албано" (Al Ban), а во изборот на Стоп ја добива наградата за најуспешен музички изведувач. За оваа награда е номинирана 6 пати.

Во нејзината кариера снима околу 200 песни. Издава 20 албуми во над половина милион тираж.

Симона Вајс (Simona Weiss) е повеќекратен учесник на МАКФЕСТ.

По долга борба со подмолната болест, умира на 19 декември 2015 година во Словен Градец (Slovenj Gradec).



ИЗВЕДУВАЧ
**СИМОНА ВАЈС (SIMONA WEISS)**

ПЕСНА
**ДЕЈАНЕ**

МУЗИКА:
**ГОРАН ШАРАЦ (GORAN ŠARAC)**

ТЕКСТ:
**ГОРАН ШАРАЦ (GORAN ŠARAC)**

АРАНЖМАН:
**СЛАВКО АВСЕНИК (SLAVKO AVSENIK)**



ВБУ АУДИО-ВИДЕО

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

МАКФЕСТ 86

# 13



МУЗИКА:
**ЏОЛИ ЏОКЕР (JOLLY JOKER) - ДАМИР ПАНДУР (DAMIR PANDUR)**

ТЕКСТ:
**ЏОЛИ ЏОКЕР (ДАМИР ПАНДУР) / ЃОКО ГЕОРГИЕВ**

АРАНЖМАН:
**ЏОЛИ ЏОКЕР (ДАМИР ПАНДУР)**

ИЗВЕДУВАЧ
**JАСМИНА ВОИНОВИЌ (JASMINA VOJINOVIĆ)**

ПЕСНА
**ОД СНИШТА НЕ СЕ ЖИВЕЕ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

**МУЗИЧКИ РЕГИСТАР** ЗА JАСМИНА ВОИНОВИЌ (JASMINA VOJINOVIĆ)

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

МАКФЕСТ 86

# 14

**КАЛИОПИ БУКЛЕ** е познат и истакнат македонски уметник, вокален интерпретатор, композитор и текстописец. Во својата татковина често е нарекувана поп-дива или кралица на македонската поп музика. Многу е позната на екс-југословенските простори каде што врвот на кариерата го достигнуваа во 80-тите години од минатиот век. Во Македонија важи за вонсериски уметник од светски калибар, кој, покрај извонредните вокални способности во рамките на поп-музиката, изведува и компонира музика за филм, театар и за балет.

Калиопи се памети по победата на едно од првите изданија на детскиот музички фестивал „**Златно славејче**" во 1976 година со песната „Мојата учителка". Потоа Калиопи го продолжува својот пат кон славата преку учеството во хорот на Запро Запров „**Развигорче**", со кој учествува на многубројни турнеи во Чехословачка, Словенија, Австрија. Се приклучува во класата на Марија Николовска и четири години изучува соло пеење. Соло пеењето е и нејзин академски избор при запишувањето на Музичката академија во 1984, во класата на Благоја Николовски. Калиопи освојува Трето место на Југословенскиот натпревар во соло пеење во 1984 година на кој настапува како најмлад пејач на класична музика.

Калиопи е редовен учесник на сите реномирани фестивали на забавна музика во Југославија, а по осамостојувањето и во Македонија. Во 1996 година на „Скопскиот фестивал" со песната „Само ти" освои гран-при. Во 2012 година добива можност да ја претставува Македонија на Евровизија во Баку и успева да се пласира во финалето на фестивалот освојувајќи 12 место со песната „Црно и бело".



ИЗВЕДУВАЧ
**КАЛИОПИ**

ПЕСНА
**ЛИНДА**

МУЗИКА:
**ГРИГОР КОПРОВ**

ТЕКСТ:
**РОМЕО ГРИЛ**

АРАНЖМАН:
**СЛОБОДАН МАРКОВИЌ (SLOBODAN MARKOVIĆ)**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

МАКФЕСТ 86

# 15



МУЗИКА:
**ЗДЕНКО РУЊИЌ (ZDENKO RUNJIĆ)**

ТЕКСТ:
**ЃОКО ГЕОРГИЕВ**

АРАНЖМАН:
**СТИПИЦА КАЛОЃЕРА (STIPICA KALOGJERA)**

ИЗВЕДУВАЧ
**ИВО ПАТИЕРА (IVO PATTIERA)**

ПЕСНА
**БИСЕРО МОМЕ БИСЕРО**

**ИВО ПАТИЕРА (IVO PATTIERA)** е роден во Шибеник, Хрватска, во 1948 година. Тој е еден од најзначајните хрватски изведувачи на забавна музика со далматински израз.

Во својата долгогодишна кариера се докажува и покажува како врвен интерпретатор со неверојатни гласовни можности. Во текот на 80-тите години од минатиот век постигнува значителни успеси на Сплитскиот фестивал изведувајќи ги големите хитови како: „Те сакам со песна" (Pjesmom te ljubim), „Одмини ме" (Prođi me se), „Ќале мој" (Ćale moj), „Расцветана гранка" (Rascvjetana grana) и многу други. Значајни настапи и успеси доживува и на Фестивалот на далматинска шансона во родниот Шибеник со песните: „Нови сништа" (Novi snovi), „Сè уште сум оној" (Još sam onaj), „Тоа е финале" (Finilo je) и многу други.

Неговата кариера е забележана и на многу носачи на звук за издавачката куќа „Југотон" (Jugoton), а подоцна и за „Кроација рекордс" (Croatia Records).

Со оваа МАКФЕСТовска песна во 1986 година Иво Патиера ја освојува Втората награда од публиката.

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

# 16

МАКФЕСТ 86

**АЛГОРИТАМ** е поранешен македонски поп-бенд активен во 80-тите години од минатиот век. Првите снимки ги прават за музичката продукција на РТ Скопје во 1985 година.

Алгоритам учествуваат на „ТВ Спот Фест" во 1985 година со песната „Љубовен случај", а во 1986 година, на истиот фестивал настапуваат со композицијата „Последен танц".

Нивниот вокал Александар Најдовски е дел од македонскиот тим на фестивалот во Опатија при изборот на песна за Евровизија во 1986 година. Како придружен вокал настапува со „Калиопи" и со Ана Костовска изведувајќи ги песните „Натали" и „О, каков ден".



ИЗВЕДУВАЧ
**АЛГОРИТАМ**

ПЕСНА
**ПОСЛЕДЕН ТАНЦ**

МУЗИКА:
**АНГЕЛЕ ДЕЛОВСКИ**

ТЕКСТ:
**САШО ПОПОВСКИ**

АРАНЖМАН:
**АЛЕКСАНДАР НАЈДОВСКИ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

# 17



МУЗИКА:
**НЕНАД ВИЛОВИЌ (NENAD VILOVIĆ)**

ТЕКСТ:
**ЃОКО ГЕОРГИЕВ**

АРАНЖМАН:
**НЕНАД ВИЛОВИЌ (NENAD VILOVIĆ)**

ИЗВЕДУВАЧ
**АНА САСО (ANA SASSO)**

ПЕСНА
**МОЛЧИ ЕЗЕРОТО**

**АНА САСО (ANA SASSO)** е родена во Бугојно, БиХ, СФР Југославија во 1963 година. По завршувањето на средното образование започнува кариера како модел. Набргу потоа, во есента 1982 година, добива понуда од тогашниот шеф на Одборот за избор на мис на Југославија, Саша Залепугин (Saša Zalepugin), да се пријави на овој натпревар за убавина. По два месеца е крунисана за мис на Југославија за 1982 година.

Истата година ја претставува Југославија на изборот за мис на светот и се пласира меѓу првите 15 полуфиналисти. Набргу потоа Сасо (Sasso) станува симбол на убавината на жената во родната земја, а и денес е едно од најпрепознатливите имиња меѓу лицата од поранешна Југославија. Исто така е позната по рекламите за пипи соковите, и тоа во врвот на нејзината популарност.

По изборот за Мис на светот во 1982 година, Сасо (Sasso) станува модел во Милано и во Париз. Во 2005 година се мажи за адвокат од Сплит. Двојката се разведува една година подоцна.



ВБУ МУЗИЧКИ РЕГИСТАР www.muzichkiregistar.com
ВБУ АУДИО-ВИДЕО

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

МАКФЕСТ 86

# 18

**„ИНТЕРВАЛИ“** се македонски поп–бенд од Струмица, кој е формиран во 1974 година. Мирче Чучков и Снежана Момчиловиќ, како вокали, се придружуваат во 1982 година. Во 1984 година ја прават првата снимка за продукцијата на РТ Скопје за песната „Венчавка“.

Во 1986 година учествуваат на Југословенските денови на поп-музиката во организација на Југословенската радио-телелвизија со композицијата „Не сум јас оној принц“, чиј комплетен автор е Славе Димитров. Истата година учествуваат на „ТВ Спот Фест“ со песната „Ти имаш небо“, а во 1987 година победуваат на истиот фестивал со песната „Дај, поведи ме“.

„Интервали“ учествуваат 9 пати по ред на фестивалот **МАКФЕСТ**.

На „Ваш шлагер сезоне“ (Vaš Šlager Sezone) во Сараево, во 1988 година, настапуваат со песната „Немој да ме будиш“ (Nemoj me buditi), а двапати на југословенскиот избор за Песна за Евровизија, и тоа во 1989 година со песната „Оган гори“, заедно со Здравко Шкендер (Zdravko Škender), и во 1990 година со песната „Како магија“.

Својот прв носач на звук го издаваат во 1991 година и оттогаш започнува нивната соработка со Љупчо Мирковски. „Интервали“ настапуваат и на сите пет изданија на „Интерфест Битола“ (1992 – „Бел лебед“, 1993 – „Избриши го моето име“, 1994 – „Слатка тајна“, 1995 – „Сибирски ноќи“, 1996 – „Две срца вљубени“ – Трета награда од публиката, а настапуваат и на „Скопскиот фестивал“, „Еврофест“, „Охрид фест“... Подоцна издаваат и две ЦД-компилации со свои хитови. Во 2009 година Мирче Чучков реализира соло проект со традиционални македонски народни песни, а во 2012 година го издаваат и последниот албум.



ИЗВЕДУВАЧ
**ИНТЕРВАЛИ**

ПЕСНА
**РАЗБУДИ СЕ, ДАНА**

МУЗИКА:
**СЛАВЕ ДИМИТРОВ**

ТЕКСТ:
**ВЕСНА ДОДЕВА**

АРАНЖМАН:
**СЛАВЕ ДИМИТРОВ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

М
А
К
Ф
Е
С
Т
86

# 19



МУЗИКА:
**МАРГА ВЕСКОВСКА**

ТЕКСТ:
**ВЕСНА ДОДЕВА**

АРАНЖМАН:
**ИЛИЈА ПЕЈКОВСКИ**

ИЗВЕДУВАЧ
**МАРГА ВЕСКОВСКА**

ПЕСНА
**БИДИ ДОБРА**

**МАРГА ВЕСКОВСКА – КАЛОУ** своите музички почетоци ги бележи во 1980 година, кога ја снима песната „Разочарана сум". Со формирањето на групата „Калиопи" во 1984 година, Марга влегува во првата екипа на бендот. Учествува во снимањето на неколку песни на групата („Томи", „Немој да ме будиш", „Лео").

Во 1985 година, пред да ја напушти групата, издава уште една соло песна – „Би бап". Учествува и на „ТВ Спот Фест" во 1985 година со песната „Зиги", како и во 1986 година со песната „Која лоша сенка".

На „Опатискиот фестивал" во 1986 година Марга се претставува со песната „Лажам пак". Во 1986 настапува на **МАКФЕСТ** со композицијата „Биди добра".

По 1986 Марга ја продолжува својата кариера како автор на музика. Во 1987 година учествува на **МАКФЕСТ** како автор на музиката на две нумери („Чили вили" и „Таа мала Маја"). Во 1988 година се враќа на сцената пеејќи песна во чест на починатиот Слободан Боби Мицев, а се јавува и како автор на музиката на песната „Кабала" во изведба на Татјана Матејаш - Тајчи.

Марга Весковска е автор на повеќе композиции за Тања Кочовска, Стефан Чепишевски, „Силви бенд"...

**МУЗИЧКИ РЕГИСТАР** ЗА МАРГА ВЕСКОВСКА

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

М А К Ф Е С Т 86

# 20



**ЉУПЧО СТОЈАНОВСКИ – ЉУБЕЦ** е македонски пејач и композитор, кој својата кариера ја започнаува во 70-тите години од минатиот век. Сепак, неговата популарност доаѓа до израз во 80-тите години. Дебитира на „Опатискиот фестивал“ во 1981 година со песната „Ами 6“, а потоа настапува и на фестивалот „Омладина“ во Суботица со песната „До видување, до видување“, за која ја освојува Третата награда од стручното жири во селекцијата на шлагери.

Љубец учествува и на македонските фестивали „ТВ Спот Фест“ во 1985 година („Жени“) и во 1986 година („Шанс“). Во тој период почнува да пишува и текстови за песни – „Шила“ за Маја Оџаклиевска, „Звезден пат“ за Весна Ивиќ, „Магнолија во самрак“ за Лидија и Коце, „Црвени рози за вас, мадам“ за Томислав Маниќ...

Во 2010/11 година е одговорен уредник на забавната редакција на МРТВ, како и водач на македонската делегација на Евровизија во Дизелдорф во 2011 година. Еден период е и директор на МРТВ. Во 2006 година го реализира компилациското ЦД-издание „Жива станица“ со 15 песни, меѓу кои и најпознатата – „Паѓа грозје место дожд“.

ИЗВЕДУВАЧ
**ЉУПЧО СТОЈАНОВСКИ – ЉУБЕЦ**

ПЕСНА
**БЕЛИ СВОДОВИ**

МУЗИКА:
**ЉУПЧО СТОЈАНОВСКИ – ЉУБЕЦ**

ТЕКСТ:
**ЉУПЧО СТОЈАНОВСКИ – ЉУБЕЦ**

АРАНЖМАН:
**СЛОБОДАН МИЦЕВ – БОБИ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

МАКФЕСТ 86

# 21



МУЗИКА:
**СЛОБОДАН МИЦЕВ – БОБИ**

ТЕКСТ:
**ДРАГАН МИЈАЛКОВСКИ**

АРАНЖМАН:
**СЛОБОДАН МИЦЕВ – БОБИ**

ИЗВЕДУВАЧ
**ТАВЧЕ ГРАВЧЕ**

ПЕСНА
**ДЕНИ**

**ТАВЧЕ ГРАВЧЕ** е македонска група формирана во 80-тите години од минатиот век. Вокал во групата е Смилја Митровска, а во еден кус период како вокал се јавува и Благица Калева. Освен нив, и бас гитаристот Драган Вучиќ се јавува како вокал во групата. Првиот албум го снимаат токму со Благица Калева како вокал. Во 1992 година групата престанува да постои. Смилја Митровска кариерата ја продолжува како солист, Драган Вучиќ ја формира групата „Кода“, по што продолжува со соло кариера. Драган и Смилја снимаат и дуетски песни.

**МУЗИЧКИ РЕГИСТАР** ЗА „ТАВЧЕ ГРАВЧЕ“

ВБУ АУДИО-ВИДЕО
ВБУ МУЗИЧКИ РЕГИСТАР www.muzichkiregistar.com

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

# 22

МАКФЕСТ 86

**БОЖИДАР ВОЛФАНД (BOŽIDAR WOLFAND)** е роден во Трбовле, Словенија, во 1962 година, а младоста ја поминува во Засавје, поточно во Храстник, каде што живееле мајка му Марија и сестрата Белинда. И покрај скромната имотна состојба, неговите родители му дозволуваат да започне музичка кариера и му ги купуваат првите инструменти.

Својата музичка наобразба ја започнува во музичкото училиште, каде што студира блок флејта и кларинет кај професорот Јоже Рус (Jože Rus).

Кариерата ја започнува членувајќи во повеќе словеничкi бендови: „Пламен“ (Plamen), „Обзорје“ (Obzorje), „Ветер“ (Veter), „Сплендид“ (Splendid), „Рандеву“ (Rendez-Vouz) и „Ф+“ (F+).

Во втората половина на 80-тите години од минатиот век започнува соло кариера. Ниже серија хитови, а пишува и хитови и за други изведувачи на поп-музика. На почетокот на 90-тите организира верижна наградна игра „Кеч д кеш“ (Catch The Cash), по што емигрира во странство по седумгодишна соло кариера. Неговите најголеми хитови се: „Каде си мојот ангел чувар“ (Kje si angel varuh moj) и„Ох не Шери“ (Oh ne Cherie).



ИЗВЕДУВАЧ
**БОЖИДАР ВОЛФАНД (BOŽIDAR WOLFAND)**

ПЕСНА
**ЉУБИ МЕ НЕЖНО**

МУЗИКА:
**КИРЕ КОСТОВ**

ТЕКСТ:
**МИОДРАГ ВРЧАКОВСКИ**

АРАНЖМАН:
**БОЖИДАР ВОЛФАНД**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

МАКФЕСТ 86

# 23



МУЗИКА:
**РУЖДИ АВДИ (RUŽDI AVDI)**

ТЕКСТ:
**РУЖДИ АВДИ (RUŽDI AVDI)**

АРАНЖМАН:
**СТИПИЦА КАЛОЃЕРА (STIPICA KALOGJERA)**

ИЗВЕДУВАЧ
**ЖАРКО МАМУЛА (ŽARKO MAMULA)**

ПЕСНА
**ЧАО, МАРИЈА**

Во 1985 година музичкиот магазин „Џубокс“ (Džuboks) објавува куса агенциска вест: „На 14 Интернационален фестивал на забавна музика во Дрезден, прва награда од публиката и гран-при на фестивалот освои младиот југословенски пејач Нел Санто (Nel Santo)“.

Дури и најдобрите познавачи на југословенската музика од тоа време не можеле да се сетат кој стои зад уметничкото име Нел Санто (Nel Santo)!

Но по кусо време станува јасно дека зад тоа име се крие Жарко Мамула (Žarko Mamula), роден во 1960 година во Нова Градишка, кој во тоа време студира надворешна трговија во Загреб, а со музика почнува да се занимава чисто од хоби.

На почетокот членува во разни загрепски гаражни рок-бендови, а летните ангажмани ги поминува по јадранските хотелски тераси. Една сосема случајна средба со композиторот и лидер на групата „Пепел ин кри“ (Pepel in kri), Тадеј Хрушовар (Tadej Hrušovar), е доволна да стане вокал во групата и да учествува на „Сплитскиот фестивал“ во 1984 година, на местото на Ото Пестнер, кој во тоа време е на турнеја во СССР.

Сепак, првиот самостоен успех го доживува во 1984 година на белградскиот „МЕСАМ“, кога ја пее песната „Гордана“, за која лично го напишал текстот. Токму со оваа песна настапува и на фестивалот во Дрезден, но под името Клаудија, како и со песната „Кога гасне ѕвезда“ (Kada zvijezda gasne).

Жарко Мамула настапува и на фестивалите во Опатија, Загреб, како и на „Ваш шлагер сезоне“ во 1987 и во 1988 година.

# 24

МАКФЕСТ 86

**ВЕСНА ИВИЌ (VESNA IVIĆ)** е хрватска поп-пејачка од Сплит. Својата кариера ја започнува во рок-бендот „Стијене“ (Stijene) наследувајќи ја Зорица Конџа (Zorica Kondža) како вокал. Со „Стијене“го снима албумот „Балканска корида“ (Balkanska korida) (1984). По заминувањето од „Стијене“ ја исполнува песната „Што ако е таа тука“ (Što ako ona je tu) на „Сплитскиот фестивал“ во 1986 година со групата „Рулет“ и доживува забележителен настап. На истиот фестивал директорите на новиот македонски музички фестивал, кој треба да се одржи во октомври, регрутираат неколкумина пејачи што пеат во Штип вклучувајќи ја и Весна Ивиќ.

Весна Ивиќ (Vesna Ivić) ја пее „Ѕвезден пат“ на првото издание на **МАКФЕСТ** во 1986 година и ја освојува Наградата за најдобра вокална интерпретација и третата награда на жирито. Песната тогаш е хит во Македонија и е препеана од Верица Пандиловска во 2012 година. Ова е првата соработка меѓу Весна Ивиќ и македонскиот композитор Љупчо Мирковски, по што, по пет години, таа ќе испее уште една од неговите песни. Исто така, на двапати соработува со македонскиот композитор Григор Копров.

Во 1995 година го издава албумот со 8 песни под наслов „Во името на златните години“ (U ime zlatnih godina).



ИЗВЕДУВАЧ
**ВЕСНА ИВИЌ (VESNA IVIĆ)**

ПЕСНА
**ЅВЕЗДЕН ПАТ**

МУЗИКА:
**ЉУПЧО МИРКОВСКИ**

ТЕКСТ:
**ЉУПЧО СТОЈАНОВСКИ**

АРАНЖМАН:
**ЉУПЧО МИРКОВСКИ**

МАКФЕСТ 86

# 25



МУЗИКА:
**ВОЈКАН БОРИСАВЉЕВИЌ (VOJKAN BORISAVLJEVIĆ)**

ТЕКСТ:
**БОРИЦА. КНЕЖЕВИЌ (BORICA KNEŽEVIĆ), ЉУПЧО СТОЈАНОВСКИ**

АРАНЖМАН:
**ЛАЗА РИСТОВСКИ**

ИЗВЕДУВАЧ
**ХЛАДНА БРАЌА (HLADNA BRAĆA)**

ПЕСНА
**НЕНА**

**„ХЛАДНА БРАЌА“ (HLADNA BRAĆA)** е српски поп-електро бенд формиран од тројца браќа од Белград – Бобан, Бане и Борица Кнежевиќ (Borica Knežević). Подоцна на нивните настапи им се придружуваат и девојките од белградската танцова група „БИГ“. Нивниот прв сингл се појавиува во 1985 година („Лоши девојки“ (Loše devojke) / „Сонувам за тебе“), по што дебитираат на фестивалот **„МЕСАМ“** во Белград во 1985 година, каде што ја добиваат наградата СОКОЈ (Сојуз на југословенските композитори) за најдобро остварување за песната „Љуби ме на Ибица“ (Ljubi me na Ibici). Песната е веројатно нивниот најголем успех, кој сè уште е во сеќавање. Автори на песната се Александар Сања Илиќ (Aleksandar Sanja Ilić) и неговиот брат Драган Илиќ (Dragan Ilić), на текст на Младен Поповиќ (Mladen Popović).

Следуваат низа фестивалски настапи во 1986 година – „Опатија“ („Ослободи ме“), „Сплит“ („Маре“), МАКФЕСТ („Нена“ – Втора награда од жирито) и „МЕСАМ“ („Боли ме“ (Boli me)), кога го промовираат и својот прв албум „Ќе полудиме заедно“ (Poludećemo zajedno) (1986). Носечката нумера требало да се промовира на „Загреб фест“, но тие не успеваат да се појават. Албумот, практично, е компилација на нивните 10 песни, што ги снимиле претходните години – биле вклучени и двете песни од нивниот сингл, сите фестивалски песни, плус „Пеги“ (Pegi) и кавер верзијата на „Црно е црно“ (Black is black). Најголем дел од нивните нови песни ги пишува Војкан Борисављевиќ (Vojkan Borisavljević) а албумот го продуцира Лаза Ристовски, но албумот не доживува голем успех. Следната година пеат во Сараево, на „Ваш шлагер сезоне“ (Vaš Šlager Sezone) („Хеј, хеј девојчице“ (Hej, hej, djevojčice)) и повторно на **МАКФЕСТ** („Кате, Катинке“) и **„МЕСАМ“**.

Српската верзија на МАКФЕСТовската „Нена“ е вклучена на албумот на „Хладна браќа“ (Hladna braća) – „Ќе полудиме заедно“ (Poludećemo zajedno), (1986).

**ВБУ**
**МУЗИЧКИ РЕГИСТАР**
www.muzichkiregistar.com

# 26

МАКФЕСТ 86

**ОЛИВЕРА СТАНКОВСКА** е македонска пејачка и текстописец од Гевгелија. Дебитира на **МАКФЕСТ 1986** со песната „Осамена". Сними неколку песни за музичката емисија на РТ Скопје „Летај низ нови неба", која и денес често се репризира на програмите на МТВ 3.

Таа се врати на фестивалската сцена во 1993 година со песната „Сватови" на битолскиот „Интерфест", како и со песната „Животот е лага", по што го издава деби албумот.

Во 90-тите години од минатиот век почнува да пишува и народни песни и се појавува на неколку изданија на „Еврофест", и како пејач и како текстописец.



ИЗВЕДУВАЧ
**ОЛИВЕРА СТАНКОВСКА**

ПЕСНА
**ОСАМЕНА**

МУЗИКА:
**ОЛИВЕРА СТАНКОВСКА**

ТЕКСТ:
**ОЛИВЕРА СТАНКОВСКА**

АРАНЖМАН:
**ГРУПА ЗИЈАН**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

М
А
К
Ф
Е
С
Т
86

# 27



МУЗИКА:
**ДИМИТАР МАСЕВСКИ**

ТЕКСТ:
**ДИМИТАР МАСЕВСКИ**

АРАНЖМАН:
**СЛОБОДАН МАРКОВИЌ (SLOBODAN MARKOVIĆ)**

ИЗВЕДУВАЧ
## МИКИ ЈЕВРЕМОВИЌ (MIKI JEVREMOVIĆ)

ПЕСНА
## БАКНИ МЕ, ЗАЛУДИ МЕ

**МИОДРАГ ЈЕВРЕМОВИЌ (MIKI JEVREMOVIĆ)**, попознат како Мики Јевремовиќ (Белград, 27 март 1941 – Белград, 13 јануари 2017), е познат српски и југословенски пејач на забавна музика.

Во 60-тите и во 70-тите години од минатиот век е многу популарен во поранешна СФРЈ. Учествува на тогашните фестивали: „Ваш шлагер сезоне" (Vaš Šlager Sezone) во Сараево, „Београдско пролеќе" (Beogradsko proleće), „Загребачки фестивал" (Zagrebački festival), „Опатиски фестивал" (Opatijski festival) и на „Сплитски фестивал" (Splitski festival). Во 90-тите години од минатиот век учествува на летните фестивали во Црна Гора. Во 1975 и во 1976 година настапува на „Скопскиот фестивал" со композициите „Бела хризантема" и „А брегот нема крај", а во 1986 година настапувана фестивалот **МАКФЕСТ** со песната „Бакни ме, залуди ме".

Соработува со многу композитори во земјата и во странство. Во 70-тите години на XX век е многу популарен во Советскиот Сојуз.

На 29 декември 2016 година доживува мозочен удар. Во наредните две недели е во кома. Умира на 13 јануари 2017 година. Погребан е во Алејата на заслужните граѓани на Новите гробишта во Белград.

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com

# 28

МАКФЕСТ 86

**ТРАЈЧЕ МАНЕВ** е македонски поп-пејач, роден во Штип. Дебитира на **МАКФЕСТ 1986** година, а веќе во 1987 година ја освојува Првата награда од публиката со песната „Осамен", и тоа во премногу квалитетна конкуренција. Оваа песна е македонски евергрин. Манев е редовен учесник на македонските фестивали во 90-тите години од минатиот век.



МУЗИКА:
**МАНЕ КОЛЕВ**

ТЕКСТ:
**ЃОКО ГЕОРГИЕВ**

АРАНЖМАН:
**ТРАЈЧЕ ОРГАНЏИЕВ**

ИЗВЕДУВАЧ
**ТРАЈЧЕ МАНЕВ, МАЈА АНДРЕЕВСКА**

ПЕСНА
**СÈ ШТО САКАМЕ**

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

МАКФЕСТ 86

# 29




МУЗИКА:
**ЈАНКО УЗУНОВ**

ТЕКСТ:
**ЈАНКО УЗУНОВ**

АРАНЖМАН:
**ЈАНКО УЗУНОВ**

ИЗВЕДУВАЧ
**ГРУПА УЗУН (ЈАНКО УЗУНОВ И СМИЛЈА АНДОНОВСКА)**

ПЕСНА
**ИДАМ ДА ТЕ ВИДАМ**

ВБУ МУЗИЧКИ РЕГИСТАР www.muzichkiregistar.com

ВБУ АУДИО-ВИДЕО

**МУЗИЧКИ РЕГИСТАР** ЗА ГРУПА УЗУН (ЈАНКО УЗУНОВ И СМИЛЈА АНДОНОВСКА)

ВБУ
МУЗИЧКИ РЕГИСТАР
www.muzichkiregistar.com













# МАКФЕСТ 1986